
Трамп: Пред нас е ретка можност за мир меѓу Израел и Палестинците


„Талир“, „Траекторија“ и „Тревник“ нови предмети на СЈО


Локални избори во Хрватска: Бандиќ со мала предност за Загреб

АРХИВА | КОНТАКТ | РЕДАКЦИЈА | МАРКЕТИНГ | ПРЕТПЛАТА | период од-до 2006 - 2017

Почетна | ВЕСТИ | КУЛТУРА | СПОРТ | МАГАЗИН

).00 0.04 % RZUS 112.00 1.35 % STB 953.20 -0.57 % STIL 88.00 -2.22 % TPLF 1,402.42 8.88 % UNI 1,359.00 2.95 % USJE 23,000.00 0.80 %

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ

Tweet   Follow @UtrinskiVesnik   Ми се допаѓа 0

14.10.2015, 17:02

# ИНТЕРВЈУ ГОРЈАН ЃОРЃИЕВ - ВЕЌЕ НЕ ПРОТЕСТИРАМ, СЕ' ТОЛЕРИРАМ



**Сликарот со триесетгодишно творештво изложи една триесеттинка од неговите дела во МКЦ на две изложби, едната за „Бела ноќ“**

Катерина Богоева

**Во се' поактуелната галерија во Младинскиот културен центар во тек е твојата самостојна изложба„Протест сексплозија“, една од двете отворени на неодамна одржаната „Бела ноќ“ во Скопје, каде што само таа вечер публиката можеше да го види и олтарот со вагини во поставениот „Храм со кодирана порака“. Која беше и која е се' уште твојата водечка мисла со овој артистички „протест“?**

Протестот за мене има повеќе скриени значења. Првиот е негодување, тенденција за менување на суштината во личен или наводно групен интерес, борба за опстанок или форсирање на лична идеја во контекст на општествената матрица или контра неа. Во храмот со кодирана порака беше и олтарот со вагини поставени како портали низ кои се комбинира геномот на ликовите кои го сочинуваат светот. Божицата мајка (вагината) го вoсприема и твори универзалниот амбиент и сплетот на понатамошни околности. Клучот на кодот во храмот беше во машкиот геном, односно делото „Моцарт не смее да падне“.

Творечката мисла е многу варијабилна и многу брзо се остварува низ дела создадени со моментална страст и идеја. Периодов имав чувство на протест, за моја среќа, ме одмина. Веќе не протестирам, се' толерирам. Следната изложба ќе биде со наслов „толеранција – уживанција“.

Електронско издание



ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ

- ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ ВО ХРВАТСКА: БАНДИЌ СО МАЛА ПРЕДНОСТ ЗА ЗАГРЕБ
- IN MEMORIAM: ПОЧИНА Д-Р ЃОРЃИ СТАВРИЌ, ОСНОВАЧ НА ДИЈАГНОСТИЧКАТА ЛАБОРАТОРИЈА ЗА МАЛИГНИ БОЛЕСТИ
- СДСМ: СИСТЕМСКИ РЕШЕНИЈА ЗА СПЕЦИФИЧНИТЕ ПОТРЕБИ НА ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ
- СЗО ТРОШИ ПОВЕЌЕ НА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА, ОТКОЛКУ НА БОРБА ПРОТИВ БОЛЕСТИТЕ

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

21° СКОПЈЕ   ВРЕМЕ

Претежно облачно

| ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ | ПЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 22 | 23 | 20 | 20 | 20 |
| САБ | НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ |
| 20 | 22 | 22 | 25 | 26 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ   НАЈКОМЕНТИРАНИ

Кривични пријави за прилепскиот градоначалник Марјан Ристески и екс министерот Диме Спасов

Малиот Павел се пробуди од вештачката кома

„Талир“, „Траекторија“ и „Тревник“ нови предмети на СЈО

**Задоволен ли си од реакциите на публиката, што очекуваше, а што „доби“ на „Бела ноќ“?**

Го добив очекуваното или искреираното. Добив публика која уживаше во моментот во кој беше затечена.

**Во најавата за изложбата стоеше и дека двете изложби се наместо твоја ретроспектива, а на дел од впечатливите платна, во Галеријата „ликовите“ и трубат. Изложени се и провокативни, експресивни претстави на голи тела под наслов „Политички перверзии“. Меѓу нив е и твое видување на познатата претстава на Свети Ѓорѓи како ја убива аждајата. Што би требало да содржи споменатата ретроспектива, а што и колку од твоето досегашно творештво на овој начин и' понуди на публиката?**

Да... морам да бидам искрен, првата искра на протестот е тоа – моето повредено его, бев одбиен за триесет години ретроспектива. Се прават комисии кои „нормално“ си ја гледаат својата целна група и да не бидам хејтер, нема да продолжам во тој контекст. Совет за авторите: мора да се лактате за да успеете. Дилема: дали успехот е реален ако така се постигне. Политичките перверзии за луѓе како мене се навистина деструктивни и се чувствувам како еден од објектите врз кои се прават глупости за неуспешно сексуално задоволство, па од таму и делата со истоимениот наслов.

Што се однесува до ангелите-трубачи, тие ни укажуваат на дебалансот помеѓу доброто и лошото (јинот и јангот) - негацијата станува многу блиска со необјективната позитивизација на нештата, со што доаѓа до една празнотија, како душевна така и материјална. Ѓорѓија – тој уште од времето, а и сега „си ја брка работата“. Така и јас триесет години ги полнам платната со колористично знаковни форми. Делата се неминовни експресивни гестови на мојата смисла за постоење.

Ќе беше интересно да се види мојата ретроспектива, но вака се виде барем една триесеттинка од моето творештво, а за тоа морам да му се заблагодарам на директорот Златко Стевковски кој ми излезе во пресрет.

**Живееш во Скопје, град кој секојдневно се менува, кое е твоето мислење за промените на ликовната сцена, сметаш ли дека се доволно видливи?**

Да, и градот на некој начин протестира или некој во негово име го изразува тоа со градба и стил. Се случува и протест против тој протест. Тоа се случува и на ликовната сцена, доминираат одредени групи со ликовно естетска инерција, наспроти нив контраши кои се експерти за се', до индивидуи кои плукаат по се'. Вистинската ликовна критика се појавува само кога треба да го истакне својот интелект. Всушност, каков ни е етичкиот приод кон креативниот израз, таква ни е и околината.

**Во Младинскиот културен центар чија галерија е се' попопуларна во јавноста, работиш како менаџер за ликовна дејност. Колкава е заинтересираноста на авторите од различни генерации за презентација во неа?**

Во последниот период, галеријата на МКЦ има повисоки критериуми при изборот на учесници односно излагачи, во неа се претставуваат еминентни имиња од македонската ликовна сцена како од постарата така и од помладата генерација. Секако Младинскиот културен центар има и друг простор наменет за млади или тукушто завршени студенти на Факултетот за ликовна уметност. Во однос на заинтересираноста на авторите, таа постои, но со намален интензитет поради се' послабата посетеност на изложбите, што се должи на преголемата оптовареност на луѓето со политичките збиднувања, наспроти културните.

**Во каталогот за изложбата „Протест сексплозија“ е поместен твој текст под наслов „Исповед“, но не и рецензија за која велиш дека е „само нарачан суперлатив на егото“. Тоа е резултат на твоето досегашно искуство или, пак, на твоите сегашни видувања на ликовната критика и нејзините автори?**

За моите две изложби добив силен порив, нарачана рецензија да нема, едноставно не љубам да живеам во нормите на зададените правила. Моментите кога сум надвор од општествената матрица - во сонот или во

Deutsche Welle
Има ли опозиција во Србија?
СЈО: Груевски осомничен за перење пари и местење тендер за патишта
Прославени титулите во Минхен и Мадрид

платното, се моменти на вистинска слобода. Нема тело, но има свет во кој духот не е оптоварен со големината на егото. Токму затоа нема рецензија туку само исповед на авторот.

Статијата е прочитана 971 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

## ОСТАНАТИ ВЕСТИ

**На Херта Милер и Том Стопард ќе им биде врачена наградата „Табернакул“**
**Филхармонија со „Наследство“**
**Научна трибина „Култ кон култот“**
**Дејан Пројковски е новиот директор на МНТ**
**Почнува снимањето на филмот „Златна петорка“**
**Премиера на дуо-драмата „Последната ноќ“ во Битола**
**Во Куманово почна 11. Фестивал на новиот германски филм**

период од-до 2006 - 2014

ONLINE ИЗДАНИЕ
Вести
Магазин
Спорт
Култура

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
Политика
Македонија
Економија
Хроника
Коментари
Свет
Култура
Спорт
Скопје
Забава
Хороскоп

ПРИЈАТЕЛИ
Дневник
Вест
Теа Модерна
Огласник 24

МАРКЕТИНГ

Утрински весник

РЕДАКЦИЈА

ул. "Васил Ѓоргов" бр.16, четврти кат

Тел. 3236 900
Факс. 3236 901
E-mail: contact@utrinski.com.mk

POWERED BY nextsense

© 2006-2014 Утрински весник, сите права задржани